Машински факултет
Број 02-3300/1
30.10.2014 год.
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на предлог од Продеканот за наставна дејност, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 27-та редовна седница одржана на 30.10.2014 година, ја донесе следнава

ОДЛУКА
за организирање на концетрирана менторска настава за предмети на
студиските програми по ЕКТС од 2004/2005 година

1. **Се организира концентрирана менторска настава (консултации и изработка на домашни задачи) за предметите од прва, втора и трета година** на четиригодишните и на тригодишните студиски програми на прв циклус на студии **по ЕКТС** воведен во **2004/2005 година**, **за студентите кои во учебната 2013/2014 година го пропуштиле крајниот рок да ги исполнат обврските за добивање потпис по предметите**.

2. Концентрираната менторска настава се организира за сите наставни предмети од прва, втора и трета година за кои наставата била покриена од наставниците и соработниците на Факултетот.

3. Право да се пријават за следење на концентрираната менторска настава имаат студентите кои студираат по одредбите на ЕКТС од 2004/2005 година, под следниве услови:
- да запишале зимски семестар во учебната 2014/2015 година;
- да им **недостасуваат потписи по најмногу 3 (три) наставни предмети** кумулативно од прва, втора и трета година, без оглед дали предметите се од зимски или летен семестар.

4. Концентрираната менторска настава ќе ја покриваат наставниците и соработниците кои ги покривале предметите согласно **Прегледите** на предметите кои се предавале во соодветниот зимски или летен семестар во последната учебна година во која била организирана наставата за истите.

5. Наставата **ќе се реализира преку термините за консултации** на наставникот и соработникот од претходната точка, како и преку давање друг вид помош на студентите за исполнување на обврските за добивање потпис.

6. Студентите кои ќе пријават и следат наставни предмети согласно оваа одлука **се стекнуваат само со правото** да ги исполнат обврските за добивање потпис по соодветниот предмет, **а не и со правото** на континуирано оценување, како **ни со правото** на полагање на тестовите, односно парцијално полагање на испитот по предметот.

7. **Пријавувањето** на предмети за наставата ќе се врши во Студентската служба за прв циклус на студии, во периодот **од 3 до 7 ноември 2014 година**, **со поднесување на барање** за следење концентрирана менторска настава, заверено во Архивата на Факултетот.

8. **Право** да се стекнат со потпис преку обликот на концентрирана менторска настава организирана со оваа одлука, ќе имаат само **студентите на кои им е одобрено барањето и** кои **се на Списокот** што ќе се објави на Огласната табла на Факултетот и ќе се достави до наставниците и соработниците на **12 ноември 2014 год**.

9. Концетрираната менторска настава во зимскиот семестар ќе се **реализира** во периодот **од 17 ноември до 26 декември 2014 година**.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, студентска служба, огласна табла, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Декан
Проф. д-р Атанас Кочов